РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-260/4
28-04-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 31-та седница одржана на 22.04.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот број 12-260/1 од 12.01.2026 година, оформен по пријава против директорот на ООУ „---------- -----------“ -.----------- ----------- ------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај.

Предметот со број 12-260/1 од 12.01.2026 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 12.01.2026 година, доставена е пријава против директорот на ООУ „---------- -----------“ -.----------- ----------- ------------, во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости во спроведувањето на јавните набавки во предметното училиште, и оформен е предмет број 12-260/1 од 12.01.2026 година.
Во пријавата се известува дека директорот во соработка со Секретарот на училиштето, во последните три години спроведувале јавни набавки спротивно на Законот за јавни набавки. Сомневањата се однесуваат на тоа дека наведеното лице не поседувало валиден документ - лиценца за спроведување на јавни набавки, а како секретар на предметното училиште ги спроведувал и раководел со постапките за јавни набавки. Исто така, во пријавата се изнесени и сомневања за постоење на состојба на судир на интереси при спроведувањето на постапките за јавни набавки, поради тоа што директорот и секретарот на предметното училиште биле лица кои имале блиски роднински врски.

Во насока на проверка на пријавените наводи, ДКСК побара од ООУ „---------- -----------“ да се достави информација со прилог документација за предметниот случај.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

По разгледување на добиените информации и од приложената документација, ДКСК го констатира следното:

Јавните набавки во предметното училиште не биле спроведувани од секретарот на училиштето, туку од страна на лицето --------- ---------- од с. --------- --------- ---------, кое поседувало валидент документ односно потврда за положен испит за лице за јавни набавки со број 11-4/203 од 22.06.2023 година издадена од Бирото за јавни набавки и со кое училиштето имало склучено писмени договори на ден 11.01.2023 година, 18.01.2024 година, 10.01.2025 година и 19.01.2026 година.

При интерни проверки констатирано е дека ДКСК постапила по поднесено барање за мислење во однос на тоа дали постои состојба на судир на интереси во конкретниот предметен случај помеѓу Секретарот на училиштето кој бил во редовен работен однос во улилиштето од 2011 година и директорот на истото училиште кој бил избран во 2020 година, при што на 26.02.2020 година било донесено Мислење број 09-531/2 од 26.02.2020 година, дека во конкретниот случај не постои состојба на судир на интереси.

Од погоре констатираното, ДКСК утврди дека по однос на тоа дека во предметното училиште се спроведуваат постапки за јавни набавки од страна на лице без лиценца не се потврдуваат пријавените наводи, додека пак по однос на наводите за постоење на состојба на судир на интереси при спроведувањето на постапките за јавни набавки, ДКСК постапила за предметниот случај и донела Мислење во 2020 годдина со кое не е костатирана состојба на судир.

Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател,

Адем Чучуљ

Изготвил: П.Б.,советник

Контролирал: Ј.Ц., Раководител на одделение

Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор

Одобрил/Miratoi: В.ХН.-член/anëtar